ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

*Транспарентност Македонија*
*Ферид Бајрам 39, 1000 Скопје*
*тел/факс: 02 3121100*
*info@transparentnost-mk.org.mk*
*www.transparentnost-mk.org.mk*

# Извадоци од Конвенцијата на Обединетите Нации за борба против корупцијата



**Спречување**

Корупцијата може да се гони откако ќе се случи, но пред се бара спречување. Едно цело поглавје од Конвенцијата е посветено на спречувањето со мерки насочени и кон јавниот и кон приватниот сектор. Ова вклучува превентивни политики според модел како што се формирање на антикорупциски тела и унапредена транспарентност во финансирањето на изборните кампањи и политичките партии. Државите мораат да се потрудат да обезбедат нивните јавни служби да се предмет на заштита која промовира ефикасност, транспарентност и ангажман засновани врз заслуги. Откако ќе се ангажираат државните службеници треба да се предмет на ‚кодекс на однесување", барања за финансиско или друг вид отчетност, и соодветни дисциплински мерки. Транспарентноста и отчетноста по прашања поврзани со јавните финансии исто така треба да се промовираат како и да се воспостават конкретни услови за спречување на корупцијата во посебно критичните области од јавниот сектор., како што се судството и јавните набавки. Оние коишто користат јавни услуги мораат да бараат високи стандарди на однесување од своите државни службеници. Спречувањето на државната корупција исто така бара напори од сите членови на општеството во голема мерка. Од овие причини Конвенцијата ги повикува земјите активно да го промовираат вклучувањето на невладините организации и организациите во рамките на заедниците како и други елементи на граѓанското општество и да ја подигнат јавната свест и она што може да се стори за тоа. Членот 5 од Конвенцијата бара од секоја држава потписничка да воспостави и промовира ефективни пракси насочени кон спречување на корупцијата.

**Криминализација**

Конвенцијата бара од земјите да утврдат кривични и други прекршоци за да покријат широк спектар на дела на корупција доколку истите веќе не се опфатени со домашниот закон. Во некои случаи државите се законски обврзани да утврдат прекршоци; во други случаи со цел да се земат во предвид разликите во домашното законодавство од нив се бара да размислат да го сторат тоа. Конвенцијата ги надминува претходните инструменти од овој вид и притоа ги криминализира не само основните форми на корупција како што се поткупот и проневерата на јавни средства туку и тргувањето со влијанија и прикривањето и перењето на приходи од корупција. Прекршоците направени во поддршка на корупцијата, вклучително перење на пари и попречување на правдата се веќе опфатени. Прекршоците од Конвенцијата исто така се однесуваат и на проблематичните области на корупцијата во приватниот сектор.

**Меѓународна соработка**

Земјите се согласија да соработуваат меѓусебно во секој аспект од борбата против корупцијата вклучувајќи и превенција, истрага и гонење на прекршителите. Земјите се обврзани од Конвенцијата да изготват конкретни форми на взаемна правна помош во собирањето и преносот на докази кои би се користеле на суд заради екстрадиција на прекршителите. Од земјите се бара да превземат мерки коишто ќе го поддржат следењето, замрзнувањето, запленувањето и конфискацијата на приходите од корупција.

**Враќање на имотот**

Земјите исто така успеаа да се договорат за враќање на имотот што јасно е дадено во основните принципи на Конвенцијата. Ова е особено важно прашање за многу земји во развој каде корупцијата на високо ниво го пустоши националното богатство, и каде ресурсите се крајно неопходни за обнова и рехабилитација на општествата под водство на новите влади. Постигнувањето на договор по ова прашање произлезе по интензивните преговори бидејќи потребите на земјите што ги бараа незаконските средства мораа да се усогласат со правните и процедуралните заштитни мерки на земјите од кои се бара помош.

Неколку одредби посочуваат како ќе се обезбеди соработка и помош. Поконкретно во случај на проневера на државни средства конфискуваниот имот ќе му се врати на државата која го побарува; во случај на приходи од некој друг прекршок опфатен со Конвенцијата, имотот ќе се врати доколку се обезбеди доказ за сопственост или се признае штетата предизвикана на државата која има побарување; во сите други случаи приоритет ќе му се даде на враќање на конфискуваниот имот на државата која има побарување, враќање на таков имот на претходните законски сопственици или компензирање на другите жртви.

Ефективни одредби за враќање на имотот ќе ги поддржат напорите на државите за обештетување на најлошите последици од корупцијата, а при тоа во исто време да се испрати порака до корумпираните службеници дека нема да постои место каде што ќе можат да ги скријат своите незаконски стекнати приходи. Во иста насока членот 51 го уредува враќањето на имот на земјите од каде потекнува како основен принцип на оваа Конвенција. Членот 43 ги обврзува државите да развијат колку што е можно поширока соработка меѓу себе во процесот на истрага и гонење на прекршоците дефинирани во Конвенцијата. Што се однесува на враќањето на имотот конкретно, членот меѓу другото уредува дека „Во случаи на меѓународна соработка секогаш кога се смета за услов двојниот криминалитет ќе се смета за исполнето без разлика дали законите од државата од која се бара го сместуваат прекршокот во истата категорија на прекршок или го именуваат прекршокот по истата терминологија како и државата барател, доколку однесувањето што се однесува на прекршокот за кој се бара помош е кривично дело според законите на двете држави".

**Оваа Конвенцијата ја имаат потпишано 140 земји. Република Македонија ја потпишала на 18ти август 2005 г., а ја ратификувала на 13ти април 2007 година.**